# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година**

### Член 1

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15 и 44/15), во членот 95 став (1) во воведната реченица зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "5.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

### Член 2

Во членот 96 зборовите: "1.500 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".

### Член 3

Во членот 97 став (1) во воведната реченица зборовите: "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите: "7.000 евра".
Во ставот (2) во воведната реченица зборовите: "8.000 до 10.000 евра" се заменуваат со зборовите: "10.000 евра".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

### Член 4

Во членот 98 во воведната реченица зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 3.500 евра".

### Член 5

Во членот 99 став (1) во воведната реченица зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "5.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

### Член 6

Во членот 100 зборовите: "1.500 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".

### Член 7

Во членот 101 став (1) зборовите: "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите: "7.000 евра".
Во ставот (2) зборовите: "8.000 до 10.000 евра" се заменуваат со зборовите: "10.000 евра".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 8**

Во членот 102 зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 3.500 евра".

**Член 9**

Во членот 103 став (1) се брише.
Во ставот (2) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".

**Член 10**

Во членот 104 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".
Во ставот (2) зборовите: "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 3.500 евра".
Во ставот (3) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".
Во ставот (4) зборовите: "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 3.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".

**Член 11**

Во членот 105 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "службеното лице и на одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за изработка на одговорот и на градоначалникот на".
Во ставот (2) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "службеното лице и на одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за изработка на условите за планирање на просторот и на министерот кој раководи со".

**Член 12**

Во членот 106 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 2.000 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје, односно на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот ако не постапат согласно со членот 26 став (6) од овој закон."

**Член 13**

Во членот 107 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во општината и во градот Скопје" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје".
Во ставот (2) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".

**Член 14**

Во членот 108 зборовите: "1.500 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите: "900 до 1.500 евра", а зборовите: "службеното лице" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за разгледување на урбанистички план".

**Член 15**

Во членот 109 во воведната реченица зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".

**Член 16**

Во членот 110 во воведната реченица зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "службеното и одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за применување на урбанистичките планови, урбанистичко-планската документација, архитектонско-урбанистичкиот проект и проектот за инфраструктура и на градоначалникот на".

**Член 17**

Во членот 111 став (1) зборовите: "10.000 до 12.000 евра" се заменуваат со зборовите: "3.600 до 6.000 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "градоначалникот на".

Во ставот (2) зборовите: "1.500 до 2.000 евра" се заменуваат со зборовите: "600 до 1.000 евра".

**Член 18**

Во членот 112 став (1) зборовите: "10.000 до 12.000 евра" се заменуваат со зборовите: "3.600 до 6.000 евра", а зборовите: "одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "министерот кој раководи со".

Во ставот (2) зборовите: "1.500 до 2.000 евра" се заменуваат со зборовите: "600 до 1.000 евра".

**Член 19**

Во членот 113 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "службеното и на одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за одобрување на архитектонско-урбанистичкиот проект и проектот за инфраструктура и на градоначалникот на".

Во ставот (2) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра", а зборовите: "службеното и на одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за одобрување на архитектонско-урбанистичкиот проект и проектот за инфраструктура и на министерот кој раководи со".

**Член 20**

Во членот 114 зборовите: "1.000 до 2.000 евра" се заменуваат со зборовите: "600 до 1.000 евра", а зборовите: "службеното и на одговорното лице во" се заменуваат со зборовите: "службеното лице-административен службеник одговорно за издавање на извод од урбанистичкиот план и на градоначалникот на".

**Член 21**

Во членот 115 став (1) зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".
Во ставот (2) зборовите: "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите: "2.000 до 3.500 евра".

**Член 22**

Членот 116 се менува и гласи:
"(1) Глоба во износ од 900 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во субјектите од членот 32 став (1) од овој закон, доколку не се достават потребни податоци и информации за изготвување на плановите во согласност со членот 32 став (3) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на правното лице, доколку не достави потребни податоци и информации за изготвување на плановите во согласност со членот 32 став (3) од овој закон.
(3) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 23**

Во членот 117 зборовите: "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите: "1.500 до 2.500 евра".

**Член 24**

По членот 117 се додава нов член 117-а, кој гласи:

**"Член 117-а**

(1) Надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон е надлежен суд, освен за прекршоците утврдени во членовите 96, 98, 100, 102 и 114 од овој закон, за кои надлежен орган е комисија за прекршоци формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(2) Против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката."

**Член 25**

Во членот 118 став (1) во првата реченица по зборовите: "надлежен суд" се додаваат зборовите: "односно прекршочен орган", во втората реченица зборовите: "платен налог" се заменуваат со зборовите: "прекршочен платен налог", а во третата реченица зборовите: "платниот налог" се заменуваат со зборовите: "прекршочниот платен налог".
Во ставот (2) зборовите: "платниот налог" се заменуваат со зборовите: "прекршочниот платен налог."
Во ставот (3) точката се брише и се додаваат зборовите: "односно прекршочен орган."
По ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7), кои гласат:
"(4) Овластените службени лица и надлежните инспектори од членот 87 од овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(6) Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.
(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот."

**Член 26**

По членот 118 се додава нов член 118-а, кој гласи:

**"Член 118-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 27**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 28**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 29**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".